РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 1476/6
26.03. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
Меѓународен Универзитет Визион
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararası VISION Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar

| Примено / Pranuar / Kabul tarihi | 17.04.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. / Nj.org. / Org.bir. | Број / Numer / No. | Прилог / Shtojcë / Neano | Вредност / Vlera / Deger |
| 03 | 304 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 70 седница одржана на 18.01.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на студиската програма „Компјутерско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен универзитет „Визион'' Гостивар**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен универзитет „Визион'' Гостивар, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по компјутерско инженерство /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Computer Engineering.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 212 Компјутерска техника и информатика, Научно – истражувачка област: 21200 Архитектура на сметачки системи, 21201 Програмски јазици и технологии, 21202 Информациони системи и мрежи, 21203 Бази на податоци, 21204 Обработка на информации 21205 Вештачка интелигенција и системи, 21206 Процесирање на податоци 21207 Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер).

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-589/03 од 13.06.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен универзитет „Визион'' Гостивар, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0306-1141/01 од 30.11.2023 година (наш бр. 08 -1476/1 од 01.12.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 68-та седницата одржана на 12.12.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1476/3 од 07.02.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 70-та седница одржана на 18.01.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова